ПЛАТФОРМА
ЗА ОДРЖЛИВОСТ НА СЕРВИСИТЕ
ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И ПОДДРШКА ЗА ХИВ

# ДЕКЛАРАЦИЈА

## Законот за здравствена заштита да ги препознае граѓанските организации како даватели на услуги од здравствената заштита од посебно значење за јавното здравје

Повикувајќи се на Уставот на Република Северна Македонија, во делот за основните права и слободи на човекот и граѓанинот – членот 39 – со кој на секој граѓанин му се гарантира правото на здравствена заштита и според кој граѓанинот има право и должност да го чува и унапредува сопственото здравје и здравјето на другите,

Имајќи ги предвид обврските што државата ги презеде со Политичката декларација за ХИВ и СИДА на Генералното собрание на Организацијата на Обединетите нации од 2016 година, за ставање крај на епидемијата на ХИВ и постигнување нула нови инфекции во Република Северна Македонија до 2030 година,

Почитувајќи ги глобалните заложби на Целите за одржлив развој од 2015 година – никој да не биде изоставен; Цел број 3: Здравје и добросостојба: да се стави крај на епидемијата на СИДА до 2030 година,

Повикувајќи се на Акцискиот план за спроведување на Стратегијата на Владата на Република Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018 – 2020 година, Активност 28.2: „Воспоставување функционален и долгорочен механизам за финансирање на активностите од Програмата за заштита на населението од ХИВ кои ги спроведуваат граѓанските организации", Индикатор 2: „Изготвени предлог-решенија за подготовка, измени и/или дополнувања во релевантните закони и подзаконски акти и процедури за да се воспостави функционален и одржлив механизам на долг рок за финансирање",

Ние, долупотпишаните политички партии, се обврзуваме дека преку нашите пратеници во новиот парламентарен состав, односно преку нашите претставници во извршната власт, по парламентарните избори на 15 јули 2020 година, ќе иницираме и поддржиме:

- Препознавање на граѓанските организации како даватели на услуги од здравствената заштита од посебно значење за јавното здравје, за ранливи групи на население, во рамките на постојниот или во нов Закон за здравствена заштита;
- Обезбедување долгорочна одржливост на досегашното национално финансирање на програмите и активностите за превенција, тестирање и поддршка во врска со ХИВ за групите под особен ризик, коишто ги спроведуваат граѓанските организации, вклучувајќи и ефективни механизми на финансирање и социјални договори.

| | |
|---|---|
| Алијанса за Албанците | Обединета партија за еднаквост на Ромите |
| ВМРО ДПМНЕ | Обединети за Македонија |
| ВМРО - Народна партија | Партија за движење на Турците во Македонија |
| Движење Беса | Партија за демократски просперитет на Ромите |
| М. Мозаченец<br>Демократска обнова за Македонија | Мерсиха Усеин<br>Партија за целосна еманципација на Ромите |
| Достоинство - ППД | Сојуз на Ромите во Македонија |
| Моника Зајкова<br>Либерално-демократска партија | Коста Петров<br>Социјалдемократски сојуз на Македонија |
| Кирил Петров<br>Нова алтернатива | Мирјана Најчевска<br>Твоја партија |
| НСДП<br>Нова социјалдемократска партија | |